**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ПАРЛАМЕНТАРЕН ИНСТИТУТ**

# ПОЛИТИКАТА НА ПРОШИРУВАЊЕ ВО ПРИОРИТЕТИТЕ И ПРОГРАМИТЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВАТА СО СОВЕТОТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА 2013-2018 ГОДИНА

Април 2018 година

# СОДРЖИНА

**РЕЗИМЕ** 3
Претседателство на Република Ирска 4
Претседателство на Република Литванија 4
Претседателство на Република Грција 5
Претседателство на Република Италија 5
Претседателство на Република Летонија 6
Претседателство на Војводството Луксембург 6
Претседателство на Кралството Холандија 7
Претседателство на Словачката Република 8
Претседателство на Малта 8
Претседателство на Република Естонија 8
Претседателство на Република Бугарија 8
**ЛИСТА НА ИЗВОРИ** 10

## РЕЗИМЕ

Предмет на ова истражување се програмските определби и приоритетите во врска со политиката за проширување на Европската Унија утврдени од претседателствата со Советот на Европската Унија за периодот 2013-2018 година.

Даден е преглед на 11 претседателства на различни земји кои посветуваат внимание на политиката за проширување и за истата определуваат позиции и мерки како за Унијата така и за земјите кандидати. Од начинот на кој се утврдени приоритетите може да се каже дека заедничка е посветеноста на проширувањето, иако постојат нијанси кај различни претседателства во поглед на фокусот.

Конкретно во однос на Република Македонија, нијансите во пристапите варираат почнувајќи од продолжување на напорите да се договори започнување на следна фаза на европскиот пат односно да се отворат пристапни преговори (Литванија и Ирска), преку давање поддршка на напредокот преку воспоставените процедури на одлучување во ЕУ (Грција), до охрабрувања да се работи на интеграцискиот пат на земјата (Италија и Луксембург).

Политиката на проширување на ЕУ вообичаено е спомената во посебен дел, сепак од целокупниот обем на предмети со кои се занимаваат претседателствата, не повеќе од два до три пати во програмите. Конкретно во Програмата на Летонското и Словачкото претседателство, како и претседателствата на Естонија и Бугарија не е спомената Република Македонија засебно, но како дел од определбата за европска перспектива на Западен Балкан. Во приоритетите на претседателството на Малта воопшто не се споменува проширувањето на ЕУ.

Две од претседателствата директно повикуваат на продолжување на политиката на проширување (Ирска и Литванија), додека заедничка определба на сите е подвлекување на важноста на истата за мирот, стабилноста и демократијата и принципот на условеност.

Во однос на пристапот за сите претседателства е карактеристичен системот на заслуги на земјите кандидати без споменување на регионален пристап кон земјите од Западен Балкан. Односно, потенцирано е дека напредокот на секоја земја ќе биде оценет индивидуално и објективно според критериумите за пристап и врз основа на извештаите на Европската комисија.

Две од претседателствата во приоритетите за политиката за проширување предвидуваат и активности за Унијата и тоа во врска со донесување на Насоки за политиката за проширувањето (Литванија) и нов пристап во одлучувањето по „пакетот за проширување“ на самитот во декември 2015 година, по објавувањето на годишните извештаи од Европската комисија согласно новата методологија (Луксембург).

**Претседателство на Република Ирска**

Во првата половина на 2013 година Република Ирска претседаваше со Советот на Европската унија. Програмата[1] на Ирското претседателство како основен мотив на дејствување ја има стабилноста, нови вработувања и развој, што ги отсликува последиците од економска криза во земјите на Европската Унија и ја следи стратешката рамка поставена во Стратегијата 2020.

Во однос на политиката за проширување, во Програмата за работа на Ирското претседателство се нуди обновена цел за понатамошно проширување на Унијата заедно со поддршка на развојот на стабилни и демократски држави во источното и јужно соседство на Унијата. Институционално гледано, фокусот се става на Советот за општи работи (GAC) како основа за донесување на клучните одлуки.

Ирска во 2013 година славеше 40 години од придружувањето како полноправна членка во Европската унија, и фактот што за време на Ирското претседавање во 2004 година, 10 нови земји станаа членки, поттикнуваше симболизам за напредок во оваа политика и во 2013 година. Определбата на претседателството беше кредибилна политика на проширување врз основа на принципот на условување. Согласно програмата, интензивирање на проширувањето е определено како активна поддршка на државите во спроведувањето на подготовките, што во краен случај зависи и од нив самите.

Ирското претседателство ѝ дава приоритет на Република Хрватска и последниот Извештај за мониторинг, чие членство во тој период стана се поизвесно, но и на Исланд кој во тој период сè уште беше кандидат за членство[2].

Што се однесува до Република Македонија, заедно со Србија и Албанија, позицијата на Ирското претседателство беше **„да се разговара и кога е тоа можно да се договорат“** следни чекори за исполнување на европските аспирации на овие земји.

**Претседателство на Република Литванија**

Втората половина на 2013 година беше во знакот на Литванското претседателство, земја членка од 2004 година. Делот на проширувањето во Програмата[3] на Литванското претседателство е вклучен во т.н. Отворена Европа и беше прославен моментот на станувањето на Хрватска[4] како нова земја членка на ЕУ. Во програмските определби, се повторува потребата од исполнување на критериумите, но и најавата за усвојување на Насоки за проширувањето од

[1] http://eu2013.ie/

[2] На 13.10. 2013 година Владата на Исланд го распушти тимот за преговарање и ја суспендираше апликацијата за членство во Европската Унија.

[3] http://www.eu2013.lt/en/

[4] Хрватска стана 28 земја членка на Европската Унија од 1 јули 2013 година

Европскиот совет, каде Литванија бара континуиран процес на проширување заснован на сопствените заслуги и условување.

Во делот на определувањето на насоките за дејствување на Советот за општи работи, ставот на Литванското претседателство е повторно, континуирано спроведување на политиката за проширување, заснована на цврсти обврски, условеност и способноста на ЕУ да внесува нови членки. Дополнително, секоја земја да биде оценувана согласно своите постигнувања.

Во врска со Република Македонија, ставот на Литванското претседателство беше **„да се постигне договор за отворање на пристапни преговори“.** Општоземено Литванија бараше во Насоките кои би ги договориле во соработка со Службата за надворешна акција на ЕУ да се определи понатаму патот во спроведувањето на политиката на проширувањето.

## Претседателство на Република Грција

Грција претседаваше со Советот на Европската Унија во првата половина на 2014 година. Приоритетите[5] на грчкото претседателство во делот на политиката на проширување е нагласување на важноста и придобивките од истата, со главна позиција дека ќе остане „посветена на продолжување на *започнатите преговори* за членство во Европската Унија“.

Се подвлекува како приоритет и поддршката на проширувањето за земјите од Западен Балкан, како континуитет на Солунската агенда од 2003 година, со потврда на европската перспектива, но и повикување на рамката утврдена во процесот за стабилизација и асоцијација како основна институционална форма на регулирање на односите на овие земји со ЕУ.

Што се однесува до Република Македонија, грчкото претседателство изјавуваше спремност да даде придонес во проширувањето **„со поддршка на напредувањето во следната фаза на европскиот пат, согласно заслугите врз основа на принципот на условеност и воспоставените процедури“.**

## Претседателство на Република Италија

Италија претседаваше со Советот на ЕУ од 31 јули до 31 декември 2014 година. Приоритетите[6] на Италијанското претседателство во делот на политиката на проширувањето беа утврдени на линија да се унапреди понатаму процесот и да се ревитализираат преговорите со Турција.

Во конкретните мерки, претседателството беше фокусирано на макро регионалните стратегии и во таа насока беше зацртана како главна активност Стратегијата и Акцискиот план кон Јадранско-јонската инцијатива.

[5] http://www.gr2014.eu/

[6] http://italia2014.eu/en/

Во однос на Република Македонија, претседателството даде **„охрабрување за продолжување на интеграцискиот пат“.**

## Претседателство на Република Летонија

Во првата половина на 2015 година претседавање со Советот на Европската Унија го презеде Република Летонија.

Стратешката рамка[7] и приоритетите на претседателството во однос на политиката за проширување беше изразен во континуитет на посветеноста и признание за придонесот на истата кон мирот, стабилноста и просперитетот.

Во однос на земјите од Западен Балкан беше изразена поддршка на тековните преговори за членство (Србија, Црна Гора и Турција) и беа повторени уште еднаш принципите на условеност и сопствените заслуги на секоја земја во постигнувањето на критериумите.

## Претседателство на Војводството Луксембург

Од 1 јули 2015 година претседателството на Европската Унија го презема Војводството Луксембург.

Програмата[8] на претседателството посветува место за признание дека политиката за проширување останува и понатаму поттик за реформи, и извор на стабилност и просперитет.

Дополнително, програмата укажува на конкретно внимание да биде посветено во делот на донесувањето одлуки по годинешните извештаи за земјите и усвојувањето на годишните заклучоци за проширувањето во декември 2015 година, а поврзано со тоа што комисијата ќе применува нова методологија во изготвувањето на извештаите.

Во врска со Република Македонија, претседателството предвидува дека ќе се **„работи на патот на европската интеграција на земјата“**

[7] http://www.es2015.lv/en/
[8] http://www.eu2015lu.eu/fr/index.html

**Претседателство на Кралството Холандија**

Новото „трио" на претседавање со Советот на Европската Унија го сочинуваат Холандија (јануари-јуни 2016 година), Словачка (јули-декември 2016 година), Малта (јануари-јуни 2017 година).

Холандија има значајно искуство кога е во прашање претседавањето со Советот на ЕУ. Ова е нивно дванаесетто шестмесечно ротирачко претседателство, додека за Словачка и Малта кои пристапија во ЕУ во 2004 г. ова е прво искуство од ваков вид. Ова е позитивен факт бидејќи нивното искуство се покажа одлучувачко во овој период на големи притисоци за одржување на средби на највисоко ниво, како и посредување во легислативни измени. Исто така холандската традиција на консултации и соработка беше од исклучителна важност во овој турбулентен период.

Во осумнаесетмесечната програма на споменатото „трио", кога се приоритетите во прашање главен акцент се става на економијата и економскиот раст, вработувањата, подобра заштита на граѓаните на ЕУ, енергетиката и економијата на знаење преку едуцирано општество.

Во текот на шесте месеци поминати на чело на Советот на ЕУ, Холандското претседателство мораше да се занимава со акутните проблеми на Европската Унија како што се мигрантската криза, заканите од тероризам и геополитичките проблеми, посебно во источниот дел на границата на ЕУ.

„Европската Унија моментално се соочува со тежок тест", се наведува во Извештајот на холандската влада за состојбата на Унијата[9], која предупредува на „ризик од фрагментација" на ЕУ. Според овој извештај Холандија ќе продолжи да бара „заеднички решенија" кои би ѝ помогнале на ЕУ да ги преброди моменталните немирни времиња. „На сите нивоа се потребни единство и решителност", се вели понатаму во извештајот.

Поради сево ова проширувањето на ЕУ во моментот на Холандското претседателство не се споменува ниту како приоритет, ниту на маргините на нивната програма[10].

[9] Извештајот може да се најде на следниот линк <https://webcache.googleusercontent.com/search?q=cache:iBHmmGZfFSQJ:https://english.eu2016.nl/binaries/eu2016-en/documents/publications/2015/12/14/state-of-the-european-union-presidency-edition/presidency-edition-state-of-the-european-union-2015-complete.pdf+&cd=7&hl=en&ct=clnk>, пристапено на 11. 07. 2016 г.

[10] Програмата на Холандското претседателство со ЕУ може да се најде на следниот линк <https://english.eu2016.nl/documents/publications/2016/01/07/programme-of-the-netherlands-presidency-of-the-council-of-the >, пристапено на 11. 07. 2016 г.

### Претседателство на Словачката Република

Програмата на Словачкото претседателство[11], во делот за надворешната политика, утврдува дека политиката на проширување останува да биде ефективна алатка за политичка и економска трансформација на Европа. Конкретно претседателството ќе се залага за зајакнување на кредибилноста на политиката на проширувањето преку задржување на фокусот на политиката и обид да се постигне конкретен напредок во земјите кандидати. Пристапот кој ќе го користи Словачкото претседателство е „конзистентно и фер“ спроведување на принципот за индивидуален пристап спрема секоја земја кандидат, без директна референца на Република Македонија.

### Претседателство на Малта

Во првата половина на 2017 година претседавањето со Советот на ЕУ го презеде Малта. Проширувањето не беше ставено меѓу приоритетите на Малта. Шесте приоритети за претседателството на Малта со Советот на ЕУ беа миграција, безбедност, единствен пазар, социјално вклучување, соседска политика и поморски сектор. Највисок приоритет на Малта беше миграцијата[12].

### Претседателство на Република Естонија

Естонија за време на претседавањето со Советот на ЕУ во втората половина на 2017 година изрази поддршка за спроведувањето на политиката на проширување на Унијата како дел од пошироката рамка на безбедноста, стабилноста, демократијата и владеењето на правото во Европа. Естонскиот пристап е дека на земјите кои ги почитуваат и промовираат клучните вредности на ЕУ и ги исполнуваат строгите и фер услови, треба да им се овозможи напредувањето во процесот на проширување. Во програмата на Естонија беше наведено дека естонското претседателство останува отворено за дискусиите за процесот на проширување и за напредокот на поединечните земји кандидати или потенцијалните кандидати врз основа на извештаите на Европската комисија[13].

### Претседателство на Република Бугарија

Бугарија претседава со Советот на ЕУ од јануари до јуни 2018 година. Меѓу четирите приоритети на претседателството со Советот на ЕУ е „европската перспектива и поврзаноста на Западен Балкан, односно продлабочувањето на соработката и добрите односи во регионот како дел од политиката на проширување на ЕУ“[14]. Во рамките на определбата дека бугарското

---

[11] http://www.consilium.europa.eu/en/council-eu/presidency-council-eu/

[12] The Maltese Priorities for the 2017 EU Presidency of the Council of Ministers, January-June, at https://www.eu2017.mt/en/Pages/Maltese-Priorities.aspx (пристапено на 13. 4. 2018)

[13] The Estonian Presidency Programme for the General Affairs Council (GAC), https://www.eu2017.ee/sites/default/files/2017-07/EU2017EE%20GAC%20Programme.pdf (пристапено на 13. 4. 2018)

[14] Bulgaria’s EU Presidency: Key Priorities Outlined, https://www.fedma.org/2018/01/bulgarias-eu-presidency-key-priorities-outlined/ (пристапено на 13.4.2018)

претседавање со Советот на ЕУ претставува „балканско претседателство“[15], Софија на 17 мај 2018 ќе биде домаќин на самитот ЕУ-Западен Балкан. Со самитот, на кој ќе присуствуваат шефовите на државите или владите на земјите членки на ЕУ и нивните колеги од регионот на Западен Балкан, ќе претседава претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск. Темата на самитот ќе биде „конективноста (поврзаноста)“ на Западен Балкан - во смисла на транспорт, енергетика и дигитална инфраструктура, образование и други аспекти. Во информацијата за самитот се наведува дека „целта на самитот е да обезбеди јасна европска перспектива за Западен Балкан, без да создаде лажни очекувања. Процесот на пристапување во ЕУ за секоја земја ќе продолжи да напредува по утврдениот пат, а напредокот на секоја земја ќе биде оценет индивидуално и објективно според критериумите за пристап“[16].

Изработиле: Златко Атанасов
Томе Гушев
Ева Јованова

Раководител на Парламентарниот институт

___________________________

м-р Златко Атанасов

[15] Bulgaria's EU Presidency: Key Priorities Outlined, https://www.fedma.org/2018/01/bulgarias-eu-presidency-key-priorities-outlined/ (пристапено на 13.4.2018)
[16] EU - Western Balkans Summit, EU Leaders' Agenda, Sofia 2018, file:///C:/Users/user/AppData/Local/Packages/Microsoft.MicrosoftEdge_8wekyb3d8bbwe/TempState/Downloads/Western%20Balkan%20summit_Media%20Advisory_EN.pdf (пристапено на 13.4.2018)

## ЛИСТА НА ИЗВОРИ


1. Програма на Ирското претседателство со Советот на Европската Унија, http://eu2013.ie/
2. Програма на Литванското претседателство со Советот на Европската Унија http://www.eu2013.lt/en/
3. Програма на Италијанското претседателство со Советот на Европската Унија http://italia2014.eu/en/
4. Програма на Грчкото претседателство со Советот на Европската Унија http://www.gr2014.eu/
5. Програма на Летонското претседателство со Советот на Европската Унија http://www.es2015.lv/en/
6. Програма на Луксембуршкото претседателство со Советот на Европската Унија http://www.eu2015lu.eu/fr/index.html
7. „'Turbulent times' as Netherlands takes over EU presidency", *Deutche Welle,* објавено на 01. 01. 2016 г. достапно на <http://www.dw.com/en/turbulent-times-as-netherlands-takes-over-eu-presidency/a-18953816>
8. State of the European Union 2015 - Presidency edition, достапно на <https://webcache.googleusercontent.com/search?q=cache:iBHmmGZfFSQJ:https://english.eu2016.nl/binaries/eu2016-en/documents/publications/2015/12/14/state-of-the-european-union-presidency-edition/presidency-edition-state-of-the-european-union-2015-complete.pdf+&cd=7&hl=en&ct=clnk>
9. Интернетска страница на Холандското претседателство со Советот на ЕУ - англиска верзија, достапна на < http://english.eu2016.nl/>, пристапено на 11. 07. 2016 г.
10. Програма на Холандското претседателство со Советот на Европската унија, достапна на англиски јазик https://english.eu2016.nl/documents/publications/2016/01/07/programme-of-the-netherlands-presidency-of-the-council-of-the
11. The Maltese Priorities for the 2017 EU Presidency of the Council of Ministers, January-June, at https://www.eu2017.mt/en/Pages/Maltese-Priorities.aspx
12. The Estonian Presidency Programme for the General Affairs Council (GAC), https://www.eu2017.ee/sites/default/files/2017-07/EU2017EE%20GAC%20Programme.pdf
13. Bulgaria's EU Presidency: Key Priorities Outlined, https://www.fedma.org/2018/01/bulgarias-eu-presidency-key-priorities-outlined/
14. Bulgaria's EU Presidency: Key Priorities Outlined, https://www.fedma.org/2018/01/bulgarias-eu-presidency-key-priorities-outlined/[1]
15. EU - Western Balkans Summit, EU Leaders' Agenda, Sofia 2018, file:///C:/Users/user/AppData/Local/Packages/Microsoft.MicrosoftEdge_8wekyb3d8bbwe/TempState/Downloads/Western%20Balkan%20summit_Media%20Advisory_EN.pdf